long occlusions. The predilection for multiple crural vessel involvement combined with extensive arterial calcification increases the technical challenges associated with revascularization using either open bypass or endovascular techniques (EVT). Recommendation for femoral superficial and popliteal artery are PTA and stenting but for lesions below the knee(BTK)- PTA with long balloons preferably drug-eluting balloons rare indication for drug-eluting stents. EVT is minimal invasive, leaves surgical option open and can treat patients unsuitable for surgery. We present our experience in EVT in last five years BTK recanalization and PTA



Професор Небојша М. Лалиќ, MD, PhD, FRCP

Небојша Лалиќ е лекар, интернист и ендокринолог-дијабетолог, кои своите активности пред се ги фокусира на клиничката нега, истражување и едукација во областа на дијабетесот. Д-р Лалиќ работи како сијабетолог веќе 30 години. Тој бил визитинг доктор во Joslin Дијабетес центарот во Бостон, САД, а во моментов е директор и шеф на Одделот за дијабетес при Универзитетската болница во Белград, која пак е референтен центар за дијабетес во Србија. Професор Лалиќ е професор по интерна медицина и ендокринологија, како и Декан на Факултетот за медицина на Универзитетот во Белград. Тој е претседател на Националната експертска комисија за дијабетес и уредник на националните насоки за дијабетес. Тој има над 700 истражувачки публикации од областа на дијабетесот, од кои 80 се во списанија во peer-преглед. Тој е полноправен член на Српската академија на науките и уметностите.

На меѓународно ниво, тој служел како член на едукативниот одбор на Интернационалната Федерација за Дијабетес (IDF), бил дел од едукативни курсеви и работилници во Европа, Азија и Африка, а учествувал и како член на групата на IDF која пишувала насоки за постпрандијална гликоза во 2011-та година. Бил дел од проекти поддржани од IDF проектите - DE -PLAN, IMAGE (тип 2 дијабетес превенција) и MANAGE CARE (хроничен третман на дијабетес). Професор Лалиќ во моментов е член на одборот на IDF Европа од Србија.

Professor Nebojsa M. Lalic, MD, PhD, FRCP

Nebojsa Lalic is a physician, internist and endocrinologist-diabetologist by training who focused his activities on clinical care, research and education in diabetes. Dr. Lalic has been engaged in daily clinical practice as a diabetologist for 30 years. He was visiting scientist at Joslin Diabetes Center, Boston, USA, and at present is Director and Head of the Diabetes department at the University Hospital in Belgrade, which is the reference center for diabetes in Serbia, as well as Professor of Internal medicine and Endocrinology and Dean of the Faculty of Medicine, University of Belgrade. Dr Lalic is chairman of the National Expert Committee for Diabetes and editor of national guidelines in diabetes. He has over 700 diabetes research publications, 80 of them in peer-review journals. He is a full member of the Serbian Academy of Sciences and Arts.

At the international level, he served as faculty member at IDF-supported educational courses and workshops in Europe, Asia and Africa, and as member of the Writing Group for the IDF Guidelines for Postmeal Glucose in 2011. He participated in IDF-supported projects DE-PLAN, IMAGE (type 2 diabetes prevention) and MANAGE CARE (chronic diabetes care). He currently serves as an IDF Europe board member from Serbia.

На Вторите Дијабетолошки Денови во Република Македонија, д-р Лалиќ ќе презентира за **Инсулинска резистенција и тип 2 дијабетес - влијанието на развојот на компликациите**

On the Second Diabetes Days in Republic of Macedonia, Dr. Lalic will present about **Insulin resistance in type 2 diabetes - impact on complications development**



Професор д-р Татјана Миленковиќ, MD, PhD

Татјана Миленковиќ е редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, вработена на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболни заболувања од 1985 година, каде во 1995 го основала Одделот за едукација на луѓе со дијабетес - чиј шеф е до ден денес. Специјализирала интерна медицина 1991, докторирала во областа на дијабетологијата 1999, супспецијализирала ендокринологија 2004. Стручно се усовршувала во Велика Британија, Данска и Италија. Има публицирано над 100 стручни и научни трудови, како и учество како главен истражувач и ко-истражувач во 16 научни проекти, од кои 11 меѓународни проекти вклучувајки и GCP тренинг. Автор е на 2 монографии, 5 поглавја во книги. Член е на EASD, ADA, IDF, DESG (член на генералниот комитет). Од 2013-та година е Претседател на Македонското научно здружение на ендокринолози и дијабетолози. Од 2015-та година е Претседател на Националната комисија за дијабетес на Р Македонија.

Professor dr. Tatjana Milenkovic, MD, PhD

Dr. Tatjana Milenkovic is a professor of internal medicine at the Medical Faculty in Skopje. Dr. Milenkovic works at the Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases since 1985, where in 1995 she has established the Department of education of people with diabetes - and she has been Head of the department ever since. She obtained specialty in Internal Medicine 1991, PhD in Medical Science 1999, subspecialty in Endocrinology 2004. She has significantly improved her working experience and skills in UK, Denmark and Italy. Prof. Milenkovic has published and authored more than 100 scientific articles, and has been principal investigator and co-investigator in 16 scientific projects of which 11 international, including GCP training. She is author of 2 monographs and 5 book chapters. She is a member of the EASD, ADA, IDF, DESG (member of the General Committee). Since 2013 Prof. Milenkovic is the President of the Macedonian Scientific Association of endocrinologists and diabetologists. Since 2015, she is the Chair of the Macedonian National Diabetes Commitee.

ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИТЕ КОМПЛИКАЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС

Епидемијата на дијабетесот е една од најголемите закани по здравјето на луѓето во 21-иот век. Промените во човековата околина, однесувањето и стилот на живот, резултираа со драматично зголемување на инциденцата и преваленцата на дијабетесот кај луѓе кои се генетски подложни на ова заболување. Хроничната хипергликемија води до многу хронични компликации на очите, бубрезите, нервите, срцето и крвните садови. Луѓето со предијабетес, недијагностициран тип 2 дијабетес и долготраен дијабетес имаат висок ризик за макроваскуларни компликации, коронарна артериска болест (КАБ), мозочен удар и периферна васкуларна болест.

PREVENTION OF CARDIOVASCULAR DISEASES IN TYPE 2 DIABETIC PATIENTS

Epidemic of diabetes is one of the main threats to human health in the 21st century. Changes in the human environment, behavior, and lifestyle have resulted in a dramatic increase in the incidence and prevalence of diabetes in people with genetic susceptibility to diabetes. Chronic hyperglycemia leads to many long-term complications in the eyes, kidneys, nerves, heart, and blood vessels. Individuals with pre-diabetes, undiagnosed type 2 diabetes, and long-lasting type 2 diabetes are at high risk of all complications of macrovascular disease, coronary heart disease (CHD), stroke, and peripheral vascular disease. More than 70% of patients with type 2 diabetes die of cardiovascular causes.

Повеќе од 70% од пациентите со тип 2 дијабетес умираат од кардиоваскуларни причини, поради што епидемијата на тип 2 дијабетесот е следена со епидемија на кардиоваскуларни болести (КВБ) поврзани со дијабетесот. Разочарувачки беа последните студии за превенција на КВ настани кај пациенти со тип 2 дијабетес со интензивен третман на хипергликемијата. Подобрување на КВ ризик фактори како прекин на пушењето, намалување на нивото на мастите и крвниот притисок, се главните фактори за подобрување на крајните исходи на КВБ. Иако вакви подобрувања се случуваат кај луѓето со тип 2 дијабетес, сеуште постои зголемен ризик за КВБ кај овие индивидуи. Поради тоа потребен е значителен напор да се подобри нашето разбирањето како поефикасно да ги превенираме КВ настани кај луѓето со тип 2 дијабетес.

Therefore, the epidemic of type 2 diabetes is followed by an epidemic of diabetes-related cardiovascular disease (CVD). Recent trials on the prevention of CVD events by the treatment of hyperglycemia in patients with type 2 diabetes have been disappointing. Improvements in CVD risk factors such as lowering smoking prevalence, lipids and blood pressure levels are major drivers for improvements in CVD outcomes. Although these improvements also occurred in patients with type 2 diabetes mellitus, the incremental CVD risks associated with type 2 diabetes mellitus persist. As a result, considerable work remains to be done to enhance our understanding of how to more effectively prevent CVD in patients with type 2 diabetes mellitus.



Проф. д-р Велимир Божиков, MD, PhD

Д-р Велимир Божиков, е професор по интерна медицина на Медицинскиот факултет и професор по Клиничка фармакологија на Факултетот за фармација и биохемија, на Универзитетот во Загреб, Хрватска. Тој работи на Одделот за интерна медицина, при Универзитетската болница Дубрава и бил директор на институцијата во периодот 1994-2000. Наградата „Vuk Vrhovac„ која се доделува еднаш годишно, за научни достигнувања во областа на дијабетологијата му е доделена за неговото истражување на соматостатин кај дијабетес мелитус во 1980 година. Неговите научни истражувања се фокусирани на компликации од дијабетес мелитус, особено на дијабетичното стапало и оксидативниот стрес, како и кардиоваскуларните компликации. Тој е автор или ко-автор на повеќе од 100 научни трудови, вклучувајќи извонредни придонеси за шест меѓународни книги. Д-р Божиков е и член на многу национални медицински и академски здруженија; тој е и поранешен претседател на Хрватското здружение за ендокринологија и дијабетологијата.

Professor Velimir Božikov, MD, PhD

Velimir Božikov, is a Professor of Internal Medicine at Medical School and Professor of Clinical Pharmacy and Therapeutics at Faculty of Pharmacy and Biochemistry, both belonging to University of Zagreb, Croatia. He works at Department of Internal Medicine, Dubrava University Hospital and was a director of the Hospital in the period 1994-2000. The annual Vuk Vrhovac award for scientific accomplishments in the field of Diabetology awarded him for his research on somatostatin in diabetes mellitus for the year 1980. Prof. Božikov s research is focused on complications of diabetes mellitus, particularly on diabetic foot and oxidative stress as well as cardiovascular complications. He authored or co-authored more than 100 papers including remarkable contributions to six international books. Prof. Božikov is s member of many national medical and academic societies; he was the president of the Croatian Society foe Endocrinology and Diabetology.

ХИПОГОНАДИЗАМ И МЕТАБОЛЕН СИНДРОМ

Последните податоци сугерираат дека ниските вредности на тестостерон (Т) може да се сметаат за додатна компонента кај мажите со метаболен синдром (МС). Кај машките возрасни МС често се поврзува со ниски нивоа на тестостерон, а интересно е што во лонгитудиналните студии нзиок тестостерон може да го предвиди МС, додека МС е индикатор за хипогонадизмот. Дебелината е поврзана со намалена продукција на SHBG, со што се зголемува вкупниот тестостерон но се намалува слободниот тестостерон; ова изгледа контрадикторно, но и други фактори се во игра. Дебелината е поврзана со зголемување на производството на воспалителни цитокини, како и зголемување на ароматизацијата на тестостерон во естрадиол во периферното масно ткиво.

HYPOGONADISM AND METABOLIC SYNDROME

Recent data have suggested that low testosterone (T) might be considered an aditional metabolic syndrome (MS) component in males. In the adult male MS is often associated with low T, interrestingly, in longitudinal studies low T can predict incident MS, while MS is a predictor of incident hypogonadism. Obesity is associated with decreased SHBG production, which increases total T but decreases free T; this would seem contradictory, but other factors are at play. Obesity is associated with increased inflammatory cytokine production, as well as increased aromatization of T to estradiol in peripheral fat tissue. Both of these factors then decrease the pituitary production of gonadotropins, which, in turn, decrease testicular production of T. Aditionally that elevated leptin levels in obese individual interfere with l uteinizing

Овие два фактори ја намалуваат продукцијата на хипофизата на гонадотропини, што пак води до намалена тестикуларна продукција на тестостерон. Дополнително на ова, покачените нивоа на лептин во дебели индивидуални имаат влијание врз лутеинизирачкиот хормон и стимулација на андрогената продукција, со што доаѓа до намалување на андрогените нивоа. МС и еректилната дисфункција се поврзани, бидејќи истите ризик фактори се видливи во двете состојби.

Користејќи строги критериуми за хипогонадизам - вкупен тестостерон <8 mmol/L, инциденцата на хипогонадизам со МС беше 11,9%. Нискиот тестостерон исто така е поврзан со други сексуални симптоми, како што се намалено либидо, намалени утрински ерекции, еректилна дисфункција, потешкотии во постигнување на оргазам и намалена фреквенција на сексуалните односи, а исто така е поврзан со намалена енергија, што пак корелира со депресивни симптоми. Интригантно е да се шпекулира дека корекција на хипогонадизам кој е поврзан со инсулинска резистенција и МС може да се поправат некои од набројаните или сите набројани компоненти.

hormone/human chorionic gonadotropin stimulation of androgen production, thereby decreasing andogen levels. MS and erectile dysfunction are related, because the same risk factors are seen in both conditions.

Using strict criteria for hypogonadism, a total T <8 mmol/L, the incidence of hypogonadism in with MS was 11,9%. Low T was also related to other sexual symptoms, such as hypoactive sexual desire, decreased morning erections, erectile dysfunction, difficulty achieving orgasm and decreased frequency of sexual intercourse, and was also related to diminished energy and was also related to depresssive symtoms. It is intriguing to speculate that correction the hypogonadism associated with insulin resistance and MS might correct some or all components.



Проф. д-р Бранкица Крстевска, MD, PhD

Професор д-р Бранкица Крстевска е редовен професор по интерна медицина на Медицискиот факултет во Скопје, во пензија. Специјалист по интерна медицина, супспецијалист по ендокринологија. Работела на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања и била шеф на Ендокринолошката амбуланта. Пензионирана е во септември, 2015 год. Сега хонорарно работи во Поликлиниката за внатрешни болести - Срце, во Скопје. Има објавено бројни научни трудови во македонски и странски списанија, ко-автор е на поглавија од областа на ендокринологијата во три учебници, напишала 2 брошури. Учествувала во три мултинационални научни проекти од областа на дијабетологијата. Била претседател а сега е член на Научното здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија. Член е на ESE, EASD, на ADA и Македонското лекарско друштво.

Professor Brankica Krstevska, MD, PhD

Dr. Brankica Krstevka is a retired professor of internal medicine at the Medical faculty in Skopje, Macedonia. She is specialist in internal medicine and sub-specialist in endocrinology. She worked at the Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders, and was head of endocrinology out-patient service. She is retired since September 2015, and is a part-time consultant at the Polyclinic for Internal Medicine - Heart in Skopje. Prof. Krstevska has published numerous scientific papers in Macedonian and international magazines, she has been co-author of chapters in the field of endocrinology in three books, and has written two booklets. She has also participated in three multinational scientific projects in the field of diabetology. Dr. Krstevska was also the president and now is a respected member of the Scientific Association of endocrinologists and diabetes specialists of Macedonia, she is also a member of ESE, EASD, ADA and the Macedonian Medical Association.

ДИЈАБЕТЕС И КОМПЛИКАЦИИ ВО БРЕМЕНОСТ

Дијабетесот има влијание врз бременоста, а и бременоста влијае врз дијабетичните компликации. Дијабетичните жени со преегзистирачки дијабетични компликации имаат полош перинатален исход. Хипогликемијата е најчеста компликација кај дијабетични бремени жени на инсулинска терапија, поради оптималната гликемиска контрола, која има влијание на секојдневното живеење, но не и на фетусот. Тешка хипогликемија е со помала честота и се јавува кај жени со анамнеза за хипогликемија пред бременост и непрепознаена хипогликемија, има влијание на мајката но не и на фетусот. Хипогликемијата е многу честа во прв и трет триместар од бременоста. Кетоацидозата е тешка метаболна компликација со висок ризик за морталитет кај фетусот и мајката, но за среќа е ретка.

DIABETES AND COMPLICATIONS IN PREGNANCY

Women with diabetes and their health care team have to take care for both the impact of diabetes on pregnancy and pregnancy outcome, and the impact of pregnancy on diabetes and its complications. Diabetic women with preexisting diabetic complications are at increased risk of adverse perinatal outcomes. The most common adverse event for diabetic women on insulin therapy is hypoglycaemia, as consequence of tight glycaemic control, with impacts maternal daily living, but has no effect on the well-being of fetus. On the other hand, diabetic pregnant women who have a history for hypoglycaemia before pregnancy and hypoglycaemic unawareness are at risk for sever hypoglycaemia. It occurs in the first and the third trimester. Diabetic ketoacidosis is serious complication with low prevalence, but with high risk for maternal and fetal mortality.

Другата категорија на компликации се микроваскуларните: ретинопатија, нефропатија, гастропареза и макроваскуларни компликации од кои со најголемо значење е коронарната артериска болест. Бременоста влијае врз појава де ново или врз прогресијата на докажаната дијабетична ретинопатија пред бременост. Фактори кои влијаат врз прогресијата на ретинопатијата се: тежината на промените пред бременост, времетраењето на дијабетесот и брзото подобрување на гликемиска контрола. Бременоста не може да биде причина за појава на дијабетична бубрежна болест, но истата може да ја влоши преегзисистирачката ренална болест. Дијабетичната нефропатија е причина за преекламсија, предвремено породување, и интраутерин фетален застој во растењето. Дијабетична гастропатија, тешка пролиферативна ретинопатија и артериска коронарна болест се контраиндикација за бременост.

Microvascular complications of diabetes include retinopathy, nephropathy and gastroparesis diabeticorum. Pregnancy can cause diabetic retinopathy. Preexisting retinopathy may worsen during pregnancy, hence regular examinations is required. Pregnancy does not cause diabetic nephropathy, but it can worsen pre-existing disease. Diabetic nephropathy increases the risks for other pregnancy complications such as preeclampsia, preterm delivery and intrauterine fetal growth restriction. Diabetic gastropathy, severe proliferative retinopathy and ischemic heart disease are a contraindication to pregnancy.



Професор д-р Димитар Боневски, невропсихијатар

Завршен Медицински факултет во Скопје во 1985 година. Вработен во Психијатриска болница, Скопје во 1988, специјалист по невропсихијатрија од 1994 година. Од 1997 работи во Центарот за ментално здравје-Центар, во рамките на болницата на амбулантски и дневно болнички третман на пациенти со различни видови на ментално растројство. Завршена постдипломска едукација за стрес и траума, меѓународна едукација за психотерапија (психодрама и семејна терапија) и институт за превенција и третман на злоупотреба на деца. Член на катедрата за психијатрија и медицинска психологија од 2003 година. Одбранета докторска дисертација на тема "Рана трауматизација кај анксиозни растројства" во 2008 година на Медиицнски факултет во Скопје. Посебно внимание во својата клиничка пракса и истражувачка работа посветува на психолошкиот стрес и траума, невротските растројства, депресијата, како и на проблемот на раните трауматизации и реперкусиите од истите кај психијатриските пациенти во адултниот период.

Автор на над 50 трудови објавени во домашни и меѓународни психијатриски и медицински списанија. Од 2013 година претседател на Психијатриското здружение на Македонија.

Professor Dimitar Bonevski, Neuropsychiatrist

Graduated from Medical Faculty in 1985. Employed in Psychiatric Hospital, Skopje since 1988, became specialist in neuropsychiatry in 1994. He has been working at the Center for Mental Health wince 1997 - within outpatient part of the hospital and day hospital treatments of patients with various types of mental disorders. Completed postgraduate education about stress and trauma, psychotherapy for International Education (psychodrama and family therapy) and the Institute for prevention and treatment of child abuse. Member of the Department of Psychiatry and Medical Psychology since 2003. Doctoral dissertation on "Early traumatization in anxiety disorders" in 2008 at the Medical Faculty. He has devoted special attention in his clinical practice and research to the psychological stress and trauma, neurotic disorders, depression, and the problem of early traumas and the repercussions of that of the psychiatric patients in adulthood. Author of over 50 papers published in national and international psychiatric and medical journals. Since 2013, he is the President of the Psychiatric Association of Macedonia

ДИЈАБЕТЕС, ДЕПРЕСИЈА И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

Поврзаноста помеѓу дијабетесот и депресијата со векови го привлекува вниманието на ендокринолозите и психијатрите. Повеќе метаанализи известуваат дека лицата со депресија имаат над 60% поголем ризик за развој на дијабетес, а од друга страна дијабетесот е признат како „депресогена" состојба. Поврзаноста на овие две болести е значајна како од етиолошки, така и од клинички и тераписки аспект. Преклопувањето на симптомите на депресијата и дијабетесот се една од причините за високата стапка на непрепознавање на депресијата кај пациенти со дијабетес (до 45%).

DIABETES, DEPRESSION AND QUALITY OF LIFE

The association between diabetes and depression has attracted the attention of endocrinologists and psychiatrists for centuries. More mental analyses have reported over time that people with depression have a 60% higher risk of developing diabetes, on the other hand diabetes is recognized as "depressogenic" condition. The connection of these two diseases is significant from etiologic, as well as clinical and therapeutic aspect. The overlap of symptoms of depression and diabetes is one of the reasons for the high rate of non-recognition of depression in patients with diabetes (45%).

Прогнозата на дијабетесот и депресијата (во смисла на компликации, резистентност на третман и морталитет) е многу полоша, кога двете болести се коморбидни одколку при одделно појавување. Депресијата здружена со дијабетесот влијае на лошо придржување на терапискиот режим, на зголемување на зачестеноста на компликациите и пред се на мултиплицирање на нарушување на квалитетот на животот на пациентите.

На примерок од 40 пациенти од Клиниката за ендокринологија во Скопје кои боледуваат од дијабетес ќе биде проценета депресивноста и квалитетот на живот и нивните меѓусебни корелации. Користени се Бековата скала за депресија и Прашалник за процена на квалитет на живот (WHOQOL- BREF).

Раното препознавање на депресијата кај пациенти со дијабетес и соодветен третман на истата е неопходен услов за надминување на последиците од коморбидната манифестација на овие болести и подобрување на квалитетот на нивното живеење.

The prognosis of diabetes and depression (in terms of complications, treatment resistance and mortality) is worse when the two diseases are adjoined, compared to their separate occurrence. Depression combined with diabetes affects the poor adherence to treatment regimen, the increasing frequency of complications, and overall a multiplication of the impairment of the quality of life of patients.

Sample of 40 patients from the Clinic of Endocrinology in Skopje that have diabetes will be assessed on their degree of depression and quality of life, as well as their mutual correlations. We used Beck's scale for depression and a Questionnaire to assess the quality of life (WHOQOL- BREF).

Early recognition of depression in patients with diabetes and proper treatment of it is a necessary condition for overcoming the consequences of co-morbid manifestation of these diseases and improve the quality of life.



Д-р Ивица Смоковски MD, PhD

Д-р Ивица Смоковски (mr.sci.med, dr.sci.med) е специјалист по интерна медицина на Универзитетската клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболични нарушувања во Скопје и е медицински советник во Кабинетот на Министерот за здравство на Република Македонија. Член е на Националната комисија за дијабетес, национален претставник во Европската асоцијација за предиктивна, превентивна и персонализирана медицина (дијабетес) и контакт лица од Министерството за здравство за Меѓународната федерација за дијабетес. Има големо искуство во клиничките истражувања и добрата клиничка пракса кај дијабетесот и е одговорен за бројни национални проекти од областа на здравството.

Dr. Ivica Smokovski, M.D., Mr. Sci.Med, Ph.D.

Dr. Ivica Smokovski (M.D., Mr.Sci.Med, Ph.D.) is a specialist of Internal Medicine at the University Clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders in Skopje, and also serves as Medical Advisor in the Cabinet of Minister of Health (MoH) of the Republic of Macedonia. He is a member of National Diabetes Committee, National Representative in European Association for Predictive, Preventive and Personalized Medicine (Diabetes), and is a MoH liaison person for International Diabetes Federation (IDF). Has a vast experience in clinical research and GCP in diabetes and has been responsible for numerous national healthcare projects.

АКТУЕЛНИ УПАТСТВА ЗА ПРОЦЕНКА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИОТ РИЗИК КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС

Кардиоваскуларните заболувања се главна причина за морбидитет и морталитет кај дијабетичните пациенти, а кардиоваскуларниот ризик е зголемен најмалку два пати кај жени и најмалку два пати кај мажи со дијабетес во споредба со недијабетична популација.

Проценката на кардиоваскуларниот ризик е од критична важност за модификација на ризик факторите со цел превенција или одложување на кардиоваскуларните настани. Проценката на кардиоваскуларниот ризик е важна алатка во концептот на пациент-центрична грижа од причина што вклучува активно учество на дијабетичните пациенти во процесот на одлучување, што резултира со поголемо придржување до договорените третмани. Сепак, постојат разлики во актуелните упатства на различните меѓународни авторитети за користењето на проценката на кардиоваскуларниот ризик кај пациентите со дијабетес. Имајќи ја во предвид дијабетичната пандемија во светски рамки и тесната поврзаност со кардиоваскуларните заболувања, постои ургентна потреба од воединачување на актуелните упатства за проценка на кардиоваскуларниот ризик и нивната употреба во клиничката пракса.

CURRENT GUIDELINES ON CARDIOVASULAR RISK ASSESSMENT IN DIABETIC PATIENTS

Cardiovascular diseases are the main reason for morbidity and mortality in diabetic patients, and cardiovascular risk is increased at least two times in men, and at least four times in women with diabetes, compared to non-diabetic population. Cardiovascular risk assessment is of critical importance in the modification of risk factors aimed at prevention or delay of future cardiovascular events. Cardiovascular risk assessment is an important tool in the concept of patient-centered care, as it includes active participation of diabetic patients in decision-making process resulting in higher compliance with the treatments agreed. However, there are differences in the current guidelines of various international authorities for the use of cardiovascular risk assessment in diabetic patients. Taking in consideration the worldwide diabetes pandemic and its close association with cardiovascular diseases, there is an urgent need for streamlining of current guidelines on cardiovascular risk assessment and its use in clinical practice.



Асситент д-р Саша Јовановска Мишевска, MD, M.Sc

Асс. д-р Саша Јовановска Мишевска е специјалист по интерна медицина, супспецијалист по ендокринологија, вработена на Универзитетската Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни заболувања од 2001 година. Се јавува како автор и ко-автор на стручни и научни трудови во бројни национални и интернационални изданија, со активно учество на повеќе интернационални конгреси и работилници во земјата и во странство. Ко-инвестигатор била во неколку клинички студии од областа на дијабетесот. Д-р Јовановска Мишевска е активен член на повеќе интернационални здруженија, како EASD, и MAO, а моментално ја има функцијата на Заменик Претседател на НЗЕДМ.

Assistant Sasha Jovanovska Mishevska, MD, M.Sc

Ass. Dr. Sasha Jovanovska Mishevska is a specialist in internal medicine, subspecialist in endocrinology and has been working at the University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases in Skopje since 2001. Dr. Jovanovska Mishevska has authored and co-authored a numerous of scientific articles in national and international publications, she has taken part of several international conferences and workshops in the country and abroad, and has been a co-Investigator in several clinical studies in the field of diabetes. Dr. Jovanovska Mishevska is an active member of several international associations, EASD, and MAO, and currently holds the position of Vice President of Scientific association of Endocrinologists and Diabetologists of Macedonia.

БОЛНА ДИЈАБЕТИЧНА НЕВРОПАТИЈА

Болната дијабетична невропатија (БДН) е честа компликација на дијабетесот, а претставува присуство на симптоми и/или знаци за периферна неврална дисфункција кај луѓето со дијабетес и може да се јави кај околу 50% од пациентите со времетраење на дијабетесот повеќе од 25 години, а 50% од нив ќе развијат болна дијабетична невропатија. Невропатијата се појавува подоцна во текот на болеста кај тип 1 дијабетесот, но кај многу од пациентите со тип 2 дијабетес, невропатијата може рано да се појави. Студиите покажуваат дека дури и кај новодијагностицирани пациенти со тип 2 дијабетес, кај 8,3% е дијагностицирана дијабетична невропатија во време на дијагноза на дијабетесот. Хипергликемијата покажува висока корелација со развојот и прогресијата на невропатијата, па еден од главните предуслови за подобрување на симптомите на невропатија е постигнување на оптимална гликемиска контрола.

PAINFUL DIABETIC NEUROPATHY

Painful diabetic neuropathy (PDN) is a common complication of diabetes and represents the presence of symptoms and / or signs of peripheral neural dysfunction in people with diabetes and can occur in around 50% of patients with duration of diabetes more than 25 years, 50% of those will develop painful diabetic neuropathy. Neuropathy occurs later in the disease in type 1 diabetes, but in many patients with type 2 diabetes, neuropathy can occur earlier. Studies show that even among newly diagnosed patients with type 2 diabetes, 8.3% of the diagnosed diabetic neuropathy occurs at the same time with the diagnosis of diabetes. Hyperglycaemia shows a high correlation with the development and progression of neuropathy, and one of the main preconditions for improving the symptoms of neuropathy is to achieve optimal glycemic control. In the DCCT study was shown that tight blood glucose control can reduce the incidence of neuropathy as

Во DCCT студијата е покажано дека строгата гликемиска контрола може да ја намали инциденцата на невропатијата дури до 60%. Сепак, дури и кај пациенти со повеќегодишна задоволителна контрола на дијабетесот (вредности на HbA1c < 8%), инциденцата на невропатијата останува окулу 20%. Други фактори за кои се смета дека се асоцирани со дијабетичната невропатија се хиперлипидемијата, хипертензијата, пушењето, консумација на алкохол и зголемена телесната тежина. Двата најчести типа на БДН се акутна сензорна невропатија и хронична сензомоторна невропатија.

Во презентацијата ќе се даде осврт на епидемиологијата, ризик факторите, превенцијата дијагнозата и терапијата на болната дијабетична невропатија. Потребно е темелно познавање на терапевтските опции, можните бенефити и потенцијалните несакани ефекти, со цел да се избере најадекватна терапија и да се постават реални цели за редукција на болката.

high as 60%. However, even in patients with multi satisfactory control of diabetes (HbA1c values of <8%), the incidence of neuropathy remains at around astonishing 20%. Other factors that are considered to be associated with diabetic neuropathy are hyperlipidaemia, hypertension, smoking, alcohol consumption and weight gain. The two most common types of PDB are acute sensory neuropathy and chronic sensorimotor neuropathy.

The presentation will give an overview of the epidemiology, risk factors, prevention, diagnosis and treatment of painful diabetic neuropathy. It takes thorough knowledge of therapeutic options, the possible benefits and potential side effects in order to choose the most adequate treatment and to set realistic targets for the reduction of pain.



Ассистент д-р Искра Битовска, MD, M.Sc

Асс. д-р Искра Битоска е интернист-ендокринолог, вработена во ЈЗУ Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања во Скопје од 2001 година. Магистер по медицински науки од 2009 година, во тек на изработка на докторската дисертација. Шеф на отсек - тироидни нарушувања. Член на многу меѓународни организации од областа на ендокринологијата и дијабетесот. Автор и коавтор на бројни публикации објавени во земјата и во странство.

Assistant dr. Iskra Bitovska, MD, M.Sc

Assistant Dr. Iskra Bitovska is specialist in Internal medicine and subspecialist in endocrinology, an employee of the University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders in Skopje, since 2001. She has a Master of Medical Sciences degree since 2009, and is currently working on the elaboration of her doctoral dissertation. Dr. Bitovska is Head of Thyroid disorders department at the Clinic. She is also member of many international organizations in the field of endocrinology and diabetes, and author of numerous publications published in the country and abroad.

ДИЈАБЕТИЧНА НЕФРОПАТИЈА И НОВИ БИОМАРКЕРИ ЗА РАНО ОТКРИВАЊЕ

Дијабетичната нефропатија (ДН) е една од главните доцни компликации на дијабетес мелитус. Развојот на ДН генерално се карактеризира со зголемување на уринарната албуминска екскреционa рата (>300 mg/24h или 200 μg/min), додека микроалбуминуријата претставува најран клинички маркер за бубрежно оштетување.

Протеомите се голема група на протеини или полипептиди кои се присутни во ткивата и телесните течности. Во последниве две декади идентифициран е уринарен модел на биомаркери кој вклучува 273 пептиди кои се значително асоцирани со хроничната бубрежна болест (ХББ). Овој ЦКД273 модел покажал дека овие биомаркери можат да го детектираат почетокот и прогресијата на ДН многу порано од моментално употребуваните индикатори; уште пред да настане зголемувањето на уринарната албуминска секреција. Две независни студии на пациенти со тип 1 и тип 2 дијабетес со времетраење од 10 години,

DIABETIC NEPHROPATHY AND NEW BIOMARKERS FOR EARLY DETECTION

Diabetic nephropathy (DN) is one of the major late complications of Diabetes Mellitus (DN). Development of DN is generally characterized by an increase of urinary albumin excretion rate (>300 mg/24h or 200 μg/min), while microalbuminuria is considered as an earliest clinical marker of renal damage.

Proteomics is the analysis of large number of proteins or polypeptides in tissue and body fluids. Members of consortium have successfully identified a urinary biomarker pattern including 273 peptides significantly associated with chronic kidney disease (CKD). The used CKD273 pattern showed that these biomarkers can detect initiation and progression of DN earlier than the currently used indicators, well preceding increases in urinary albumin levels. Two independent studies on type 1 and type 2 DM patients, on longitudinally collected samples over a period of 10 years demonstrate that CKD273 markers of kidney disease were altered 3 to 5 years prior to manifestation of albuminuria, and 1 to 2

покажале дека промените во ЦКД273 моделот на биомаркери на ХББ настануваат 3-5 години пред манифестната албуминурија, односно 1 до 2 години пред настанокот на микроалбуминуријата.

Со оглед на големата хетерогеност во патофизиологијата на ХББ, панелот на полипептиди/протеини нуди поголема можност во објаснувањето на различните патишта на прогресија на болеста отколку само еден или неколку протеини. Со предвидување на ризикот на секој пациент и со избирање на правилен пристап кај сите, особено кај оние пациенти со највисок ризик не се постигнува секогаш добра оптимизација на терапијата, како што не е сигурно ни дека сите пациенти со висок ризик ќе дадат добар тераписки одговор. Затоа, дополнителни студии се потребни за да се утврди дали овие протеомични биомаркери се доволни во изборот на правилен тераписки пристап.

years prior to development of microalbuminuria. Given the large heterogeneity in the pathophysiology of CKD, a panel of proteins/peptides capturing the various disease progression pathways is more likely to predict disease progression or response to therapy than a single protein. Predicting the risk of an individual and directing drugs to those at highest risk is not sufficient to optimize therapy, as it is unlikely that all high-risk individuals will also respond to treatment. Therefore, additional studies are needed to validate proteomic biomarkers in order to identify individuals more likely to respond favorably to treatment.

БЛАГОДАРНОСТ ДО:

OUR SINCERE GRATITUDE TO THE SPONSORS:

ALKALOID
SKOPJE
www.alkaloid.com.mk

PLIVA

ZEGIN

MENARINI
BERLIN-CHEMIE
MENARINI

BAYER

novo nordisk®

KRKA

SEPTIMA

MSD

VARUS

Merck



unite for diabetes

Научно здружение на ендокринолози
и дијабетолози на Македонија

Scientific Association of Endocrinologists
and Diabetologists of Macedonia
www.nzedm.mk